Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19 и 1/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за утврдување на условите, начинот и постапката за издавање одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за утврдување на условите, начинот и постапката за издавање одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 67. седница, одржана на 22.7.2021 година.

Бр. 09-3978/21
22.7.2021 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 15 став 1 точка 1 алинеја 5 и став 3 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на РМ" бр. 55/04 и 158/11), а во врска со член 8 став 2 и член 16 од Законот за трговија („Службен весник на РМ" бр. 16/04; 128/06; 63/07; 88/08; 159/08; 20/09; 99/09; 105/09; 115/10; 158/10; 36/11; 53/11; 148/13; 164/13; 97/15; 129/15; 53/16 и 120/18), член 12 став 3 и член 41 став 2 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на РМ" бр. 62/04; 89/08; 115/10; 53/11; 141/12; 164/13; 187/13; 166/14; 199/14; 129/15; 192/15; 39/16; 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Рпублика Северна Македонија" бр. 31/20), член 5 став 3 и член 8 став 2 од Законот за вршење занаетчиска дејност („Службен весник на РМ" бр. 62/04; 55/07; 115/10; 36/11; 53/11; 164/13 и 129/15), член 3 став 4 од Одлуката за утврдување потреба за поставување урбана опрема и условите, начинот и постапката за издавање одобрение за поставување урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје" бр. 15/18 и 1/19) и член 3 од Договорот за вршење стручно административни работи во врска со поставување урбана опрема и вршење дејност надвор од деловен простор (Општина Центар Скопје бр. 09-3828/1 од 7.7.2021 година и Град Скопје бр. 08-5731/1 од 9.6.2021 година), Советот на Општина Центар Скопје на 67 седница, одржана на 22.7.2021 година, донесе

# ОДЛУКА
## за утврдување на условите, начинот и постапката за издавање одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Општина Центар-Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со оваа Одлука се утврдуваат условите, начинот и постапката за издавање одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Општина Центар-Скопје.

### Член 2

(1) Вршењето дејност надвор од деловен простор се реализира врз основа на одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор.
(2) Одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор се издава за вршење угостителска, трговска или занаетчиска дејност.
(3) Одобрението од став 1 на овој член го издава Градоначалникот на Општина Центар-Скопје за вршење дејност надвор од деловен простор на подрачја определени во согласност со Договорот за вршење стручно административни работи во врска со поставување урбана опрема и вршење дејност надвор од деловен простор (Општина Центар Скопје бр. 09-3828/1 од 7.7.2021 година и Град Скопје бр. 08-5731/1 од 9.6.2021 година) и сите анекси кон овој Договор.

**Член 3**

(1) Кога просторот пред деловната просторија за кој се бара да се врши дејност се наоѓа на земјиште во приватна сопственост потребно е само одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор.

(2) Во случај на промена на носителот на сопственоста на земјиштето за кое е издадено одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор од став 2 на овој член, тоа престанува да важи.

**Член 4**

(1) Јавната површина на која се однесува издаденото одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор, imателот на одобрението не може да ја предаде или пренесе на користење на друго лице со подзакуп или договор за деловно-техничка соработка ниту со кој било друг правен акт.

**Член 5**

(1) Издаденото одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор не значи ослободување од обврската за исполнување на другите урбанистички и градежни услови пропишани со закон и подзаконски акти, важечката планска документација и другите важечки акти и одлуки од областа на урбанизмот и урбанистичкото планирање што се донесени од Општина Центар-Скопје или од Град Скопје, а се важечки во моментот на поднесување на барањето.

(2) Општина Центар-Скопје го задржува правото при реализацијата на плановите и на програмите на Општината на имателот на одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор да му наложи отстранување или целосно да го поништи одобрението заради реализација на јавниот интерес.

**Член 6**

(1) Времетрањето на одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор за комерцијално-угостителска опрема може да биде помало или еднакво на една година. Градоначалникот на Општината со решение за продолжување на времетраењето на одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор, а по претходно барање на заинтересираниот субјект, може да го продолжи времетраењето за најмногу до уште една (1) година, доколку при извршен увид, во согласност со Одлуката за утврдување потреба за поставување урбана опрема и условите, начинот и постапката за издавање одобрение за поставување урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Центар-Скопје, Комисијата формирана од Градоначалникот констатирала околности на непроменета состојба и придржување кон издаденото одобрение.

(2) Заинтересираниот субјект може да поднесе барање за продолжување на периодот на важност на одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор најдоцна во рок од 30 дена пред истекот на веќе издаденото одобрение.

(3) Одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор се спроведува откако одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор донесено од Градоначалникот на Општина Центар  Скопје е примено од барателот.

## II. ПОСТАПКА ЗА ДОБИВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ НАДВОР ОД ДЕЛОВЕН ПРОСТОР

### Член 7

(1) Постапка за добивање одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор може да отпочне секое физичко или правно лице со цел вршење угостителска, трговска или занаетчиска дејност надвор од деловен простор, со поднесување барање.
(2) Заинтересираниот субјект со барањето од став 1 изјавува дека се согласува личните податоци наведени во барањето да се користат за потребите на Општина Центар-Скопје за спроведување на постапката, како и дека се согласува сите известувања при спроведувањето на постапката да се вршат со праќање документи по писмен пат или преку електронски средства на наведените адреси во барањето.
(3) Заинтересираниот субјект во барањето го наведува времетраењето за кое бара добивање одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор.
(4) Со донесувањето на новото одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор престанува да важи претходното издадено одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор.
(5) Заинтересираниот субјект може да се откаже од барањето, за што Градоначалникот донесува решение со кое ја запира постапката. Постапката се запира и кога по веќе поднесено барање, заинтересираниот субјект во рок од 10 дена нема да одговори на процедуралните дејства преземени врз основа на оваа Одлука.
(6) Заинтересираниот субјект, вршител на дејноста за која е издадено одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор, е должен во рок од седум (7) дена по настанатата промена на околностите од важност за издаденото одобрение, да ја извести Општината, во спротивно издаденото одобрение ќе престане да важи.

### Член 8

(1) За добивање одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор, заинтересираниот субјект поднесува барање до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје во согласност со Договорот за вршење стручно административни работи во врска со поставување урбана опрема и вршење дејност надвор од деловен простор (Општина Центар Скопје бр. 09-3828/1 од 7.7.2021 година и Град Скопје бр. 08-5731/1 од 9.6.2021 година) и анексите на овој Договор.

### Член 9

(1) Барањето за вршење дејност надвор од деловен простор воедно е и барање за поставување комерцијално-угостителска урбана опрема, освен во случаите кога барањето за вршење дејност надвор од деловен простор се однесува на површина во рамките на градежна парцела.
(2) Постапувањето по поднесено барање за вршење дејност надвор од деловен простор и барање за поставување комерцијално-угостителска урбана опрема, може да се води во иста постапка.
(3) Одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор може да биде издадено во ист управен акт со Одобрението за поставување урбана опрема.

(4) Барањето за вршење дејност задолжително содржи и временски период за кој се бара вршењето дејност надвор од деловниот простор.

**Член 10**

(1) Заинтересираниот субјект со барањето за вршење дејност надвор од деловен простор доставува:

- Извод од соодветен регистар каде што е регистриран заинтересираниот субјект, не постар од шест (6) месеци;
- Потврда за исполнување на минимални технички услови за вршење дејност;
- Имотен лист за деловниот простор и/или Договор за закуп на деловниот простор;
- Копија од катастарски план;
- Елаборат/проект со кој е дефинирана површината за вршење на дејноста (доколку се бара поставување урбана опрема, тоа е ист елаборат) со следнава содржина:
    - назив и седиште на заинтересираниот субјект;
    - регистрација на дејност, лиценца и овластување од проектантската куќа и одговорниот проектант;
    - технички опис и приказ на урбаната опрема/фотографии и сл.;
    - извод од ДУП за предметниот локалитет и микролокациски услови во размер 1:1000, кои претставуваат извод од Програмата за урбана опрема доколку се бара поставување урбана опрема;
    - детални цртежи со опис на постојната состојба и околниот простор со околните објекти и елементи на постојната комунална опрема, зеленило и инфраструктура (ситуација 1:500 и 1:200);
    - детални цртежи со опис на предложената состојба и околниот простор со околните објекти и елементи на постојната комунална опрема, зеленило и инфраструктура (ситуација 1:500 и 1:200, основи 1:100 и пресеци 1:100 или 1:50);
- Писмена согласност од мнозинството сопственици на посебните делови од станбено-деловниот објект, односно од влезот во објектот, кои претставуваат повеќе од половина сопственици на посебните делови на објектот, односно од влезот во објектот пред кој ќе се врши дејноста, заверена на нотар;
- Писмена согласност од сопствениците на земјиштето во рамките на градежната парцела во согласност со ДУП, доколку барањето не е за вршење дејност на јавна површина, заверена на нотар.
- Елаборатите/проектите од став 1 точка 6 од овој член се доставуваат во четири (4) примероци, од кои едниот со прилог елаборат/проект во електронска форма (ЦД) во кој површината за вршење дејност (и поставување урбана опрема) е дефинирана со геодетски точки (координати);
- По завршената постапка еден (1) заверен примерок од елаборатот/проектот му се враќа на заинтересираниот субјект.

**Член 11**

(1) Сите детални цртежи и проекти од член 10 на оваа Одлука треба да содржат приказ на регулационата линија, линијата на градежната парцела, градежната линија, приказ на постојните објекти што се наоѓаат околу бараната површина, заедно со нивните влезови, излозите и други фасадни отвори во приземјето, рампи и скали, како и велосипедските патеки, дрвјата, дрворедите, уличното осветлување, рекламните паноа, клупите, кантите за отпадоци, столпчињата, ПП-апаратите, хидрантите, електричните разводни ормани и другите комунални елементи, односно објекти на комунална инфраструктура.

(2) Деталните цртежи и проекти со опис на новата состојба треба да ги содржат границите и димензиите на површината на која се бара да се постави урбаната опрема и слободната проодна површина, како и пристапот за интервентни возила (пожарна, брза помош, полиција).

(3) Сите елементи прикажани на деталните цртежи и проекти мора да бидат котирани и прецизно исцртани.

(4) Површината за вршење дејност (и поставување урбана опрема) мора да биде дефинирана и со геодетски точки (координати) на посебен графички прилог во состав на елаборатот/проектот.

**Член 12**

(1) Постапката по барањето за вршење дејност надвор од деловен простор ја спроведува надлежниот сектор во Општина Центар-Скопје.

(2) Заинтересираниот субјект ја поднесува до Општината документацијата предвидена во член 10 од оваа Одлука.

(3) Надлежниот сектор во Општина Центар-Скопје го разгледува барањето со поднесената документација, ги констатира наводите во документацијата и во рок од десет (10) дена одредува датум за вршење увид на фактичката состојба на самото место.

(4) По доставеното барање за издавање одобрение од став 1 на овој член задолжително се врши увид на самото место и од извршениот увид се составува записник.

(5) Доколку заинтересираниот субјект го поднел барањето некомплетено или неуредно, надлежниот сектор во Општината го известува за тоа и му определува рок од седум (7) дена од приемот на писменото, во кој треба да го комплетира или целосно да го уреди барањето.

(6) Доколку од барањето со доставената документација за вршење дејност надвор од деловен простор произлегува дека тоа не е во согласност со законите и прописите, како и со одредбите на оваа Одлука, се донесува решение со кое се одбива барањето;

(7) Барањето со решение може да се отфрли и ако на бараната површина за вршење дејност е поставена урбана опрема без претходно одобрение за поставување урбана опрема од Градоначалникот на Општината или Градоначалникот на Град Скопје;

(8) Подносителот на барањето има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на актот до Министерството за транспорт и врски ако со закон не е поинаку определено.

## Член 13

(1) Решението за комунална такса се изготвува во рок од седум (7) дена од денот на комплетираното барање и заинтересираниот субјект се известува дека е потребно да го подигне во рок од три (3) дена од денот на известувањето и дека е должен износот за пресметана комунална такса да го плати во рок од десет (10) дена од денот на приемот.

(2) Висината на комуналната такса за вршење дејност надвор од деловен простор се утврдува во согласност со Законот за комуналните такси („Службен весник на РМ" бр. 61/04; 92/07; 154/15; 23/16 и 23/16) и Договорот за вршење на стручно административни работи во врска со поставување урбана опрема и вршење дејност надвор од деловен простор (Општина Центар Скопје бр. 09-3828/1 од 7.7.2021 година и Град Скопје бр. 08-5731/1 од 9.6.2021 година);

(3) Во случаите кога се утврдува надоместок за вршење дејност надвор од деловен простор во рамките на градежна парцела кога земјиштето што се зафаќа е во сопственост, сосопственост или заедничка сопственост на Република Северна Македонија, надоместокот се утврдува како за јавна површина;

(4) Одобрението за вршење дејност надвор од деловен порстор ќе се издаде во рок не подолг од седум (7) дена по доставувањето потврда за платена комунална такса.

(5) Доколку заинтересираниот субјект не го подигне решението или не ја плати комуналната такса во рокот од став 1 на овој член, ќе се смета дека го повлекол своето барање за добивање одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор.

## Член 14

(1) Одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор, односно решението за одбивање/отфрлање на барањето, содржи назив на јавниот орган што го донесува одобрението, вовед, диспозитив, образложение, правна поука, доставено до, потпис од овластено службено лице и печат.

(2) Во смисла на став 1 од овој член, одобрението содржи особено:

- пропис за надлежноста на овој орган;
- име на заинтересираниот субјект и на неговиот законски застапник или полномошник, ако го има и кратко означување на предметот на постапката;
- одлучување за предметот на постапката целосно - основата по која се издава одобрението, односно се одбива/отфрла барањето;
- дејност што ќе се врши надвор од деловниот простор;
- граници и површина на локацијата, односно на јавната површина, изразена текстуално и нумерички;
- начин на уредување и користење на површината на која ќе се врши дејноста;
- временски период на важење на одобрението;
- известување за условите за престанок на важењето на одобрението пред истекот на рокот за кој е издадено.

**Член 15**

Одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор престанува да важи и пред истекот на времетраењето за кое е издадено доколку:

- постои урбана опрема што е поставена спротивно на издаденото одобрение што е утврдено со актите на надлежните инспекциски служби издадени во вршењето на инспекциски работи во рамките на нивните овластувања, и тоа од:
  - овластените градежни инспектори на Општината
  - комунални инспектори на Општината во рамките на нивните законски овластувања и
  - други органи и инспекциски служби во рамките на нивните надлежности и овластувања
- настане промена на носителот на сопственоста или правото на закуп на деловниот простор пред кој се бара вршење дејност надвор од деловен простор
- настане промена на носителот на сопственоста на земјиштето за кое е издадено одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор во согласност со член 3 став 3 од оваа Одлука;
- при реализација на планови и програми, како и други надлежности на Општина Центар-Скопје и Град Скопје, доколку имаат потреба од тоа, во согласност со член 5 став 2 од оваа Одлука.

## IV НАДЗОР

**Член 16**

(1) Инспекциски надзор над спроведувањето на оваа Одлука вршат овластените градежни и комунални инспектори на Општина Центар-Скопје во рамките на нивните законски овластувања, како и другите органи и инспекциски служби во рамките на нивните надлежности и овластувања.

(2) При вршењето инспекциски надзор, инспекциските служби се должни да ги почитуваат и да се придржуваат кон одредбите од оваа Одлука, како и да ги применуваат законски прописи од нивниот делокруг на работа.

(3) Овластен градежен инспектор е должен на секои три (3) месеци да врши инспекциски надзор-контрола на состојбата на реализираното одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор.

(4) За извршениот инспекциски надзор, надлежните инспектори составуваат записник и во согласност со Закон постапуваат во рамките на своите овластувања.

(5) Овластениот градежен инспектор во согласност со Закон и оваа Одлука, од заинтересираниот субјект имател на одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор побарува:

- одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор издадено од Општина Центар-Скопје со заверен елаборат/проект.

(6) Овластениот градежен инспектор во согласност со Закон и оваа Одлука:

- носи решение за отстранување на урбана опрема поставена со одобрение, по истекот на рокот определен во одобрението;
- постапува по утврдените недостатоци и задолжува да се отстрануваат;
- постапува по овластувања согласно Законот за инспекциски надзор;
- постапува по пријави.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

(1) Правните лица, трговците поединци и физичките лица што вршат дејност пред деловен простор и имаат поставено урбана опрема се должни да го усогласат своето работење со одредбите на оваа Одлука во рок од 30 дена од денот на нејзиното влегување во сила.

(2) Доколку лицата од став (1) на овој член не го усогласат своето работење со одредбите на оваа Одлука во рокот определен со став (1) на овој член, должни се површината што ја користеле веднаш да ја ослободат, а во спротивно истата ќе биде отстранета на нивен трошок.

(3) Постапките започнати пред влегување во сила на оваа одлука за кои не е издадено одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор ќе продолжат согласно одредбите на оваа одлука.

**Член 18**

Заинтересираните субјекти кои што имаат правосилно одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор ќе бидат внесени во ГИС системот на Општина Центар – Скопје.

**Член 19**

При спроведувањето на оваа Одлука соодветно ќе се почитуваат и применуваат одредбите за надзор и прекршочни санкции од законите означени во основот на оваа одлука.

**Член 20**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар – Скопје".

Бр.08-3978/20
22.7.2021 год.
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Цветанка Симоновска